Република Македонија
Собрание на Република Македонија
Комисија за култура
Број 24 - 3577/3
25 септември 2014 година
Скопје

**ДО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ИЗВЕШТАЈ

Комисијата за култура на Собранието на Република Македонија, на 4-та седница одржана на 24 септември 2014 година, како **заинтересирано работно тело** го разгледа

**Предлог-буџет на Република Македонија за 2015 година.**

На седницата на Комисијата во својство на претставници на Владата на Република Македонија присуствуваа Елизабета Канческа Милевска, министер за култура и Елена Трпковска, државен советник во Министерството за финансии. На седницата исто така присуствуваа Ѓургица Трајковска, Владимир Попоски, Снежана Ристевска и Лидија Лазарова како претставници од Министерството за култура, и Оливера Марковска како претставник од Министерството за финансии.

Седницата ја отвори и со неа заседаваше Претседателот на Комисијата за култура, Силвана Бонева.

Во образложението на Предлог-буџетот на Република Македонија за 2015 година **претставникот на Министерството за финансии, Елена Трпковска**, даде краток осврт за економската состојба во која е изготвен Предлог-буџетот за 2015 година и основните карактеристики на самиот Буџет. Глобалниот економски раст што се очекува за наредната година е умерен заради закрепнувањето на економијата во Европската унија, но се предвидува благо интензивирање на растот. Во вакви околности и неизвесно надворешно опкружување Владата на Република Македонија ќе продолжи со активна економска политика и ќе се потруди да обезбеди позитивни економски движења, при што реалниот раст на бруто домашниот производ се очекува да изнесува околу 4%. Фискалната политика ќе биде дизајнирана во поддршка на макроекономската стабилност и поттикнување на економскиот раст, со цел да се зголеми вработеноста и да се унапреди животниот стандард. Овие дефинирани цели на фискалната политика подразбираат натамошно вложување во значајни капитални инвестиции и подобрување на стандардот на населението преку зголемување на платите и пензиите. Претставникот од Министерството за финансии ја презентираше политиката за реализација на буџетските приходи и расходи, како и начинот на прибирање и трошење на

средствата по сите основи. Во делот на културата се издвоени околу 3 милијарди денари, од кои како најзначајни ги издвои средствата предвидени за капиталните инвестиции во областа на културата.

Во образложението на Предлог-буџетот на Република Македонија за 2015 година **Министерот за култура, Елизабета Канческа Милевска,** информираше дека Буџетот за Министерството за култура за 2015 година изнесува 3 милијарди 626 милиони денари, што е од огромна важност за следењето на сите дејности од областа на културата. Министерката Канческа Милевска истакна дека се води сметка во однос на покривање и поддршка на проекти од сите дејности од областа на културата. Нагласи дека во моментов тече конкурсот за финансирање на проекти од областа на културата, а оваа година рокот за аплицирање е продолжен за 45 дена, со цел да се прифатат и поддржат што повеќе проекти на националните и локалните институции, невладини организации, здруженија на граѓани и поединци. Министерката Канческа Милевска предложи Годишната програма да се разгледа на собранската Комисија за култура и да се дебатира за сите проекти кои ќе бидат поддржани од страна на Министерството за култура.

Во делот на капиталните инвестиции, министерката Канческа Милевска ги истакна позначајните проекти: се продолжува со изградбата на концертната сала на Македонската филхармонија, изградбата на Турскиот театар во Скопје, целосната реконструкција на Албанскиот театар во Скопје, изградба на театарот и библиотеката во Тетово, реконструкција и изградба на театарот во Струмица, опрема за дигитализација на Националната универзитетска библиотека Св. Климент Охридски, поставување и набавка на сценска и аудио опрема во сите театри во државата. Информираше дека е целосно завршена реконструкцијата на опожарениот дел на манастирот Св. Јован Бигорски. Предвидена е реконструкција и санација на манастирот Трескавец и во моментов се работи на целокупните проекти околу реализација на истото.

Министерството за култура има предвидено стимулативни мерки согласно Националната стратегија во областа на културата, при што веќе е започнато со реализација на дел од мерките кои ќе придонесат за културниот развој на Република Македонија. Министерката Канческа Милевска посочи некои од стимулативните мерки, и тоа:

- во издавачката дејност: конкурс за странски издавачи, со цел да се поддржат наши изданија кои ќе бидат преведени и пласирани на пазарот во странство;
- во музичко-сценската дејност: поддршка на проекти од класичната музика
- во ликовната дејност: откуп на ликовни дела и помали формати на скулптурални композиции кои ќе се најдат во постојаните поставки на нашите институции;
- во театарската дејност: откуп на драмски текстови.

Министерката Канческа Милевска потенцираше дека Министерството за култура води сметка и за заштита на културното наследство, археолошките локалитети и споменици на културата. Продолжува проектот за обнова на фасадите на старите градски јадра во сите градови на државата, проект кој е доста голем и ќе трае 7-8 години. Во делот на филмската дејност зголемен е буџетот, а предвидена е и поддршка на младите таленти кои се усовршуваат

надвор од државата. Поддршка на проекти во однос на креативните индустрии со цел да се даде поттик на креативците кои ќе го презентираат нивниот производ на меѓународниот пазар. Се води сметка и за унапредување на културата на сите заедници кои живеат во Република Македонија. Се води сметка во музеите во секој град да се отворат сите историски, етнолошки и археолошки поставки со цел градовите да го промовираат сето она што го поседуваат како културно наследство.

Во дискусија по Предлог буџетот на Република Македонија за 2015 година учествуваа пратениците: Роза Топузова Каревска, Реџаил Исмаили, Магдалена Манаскова, Мирван Џемаили, Сузана Секуловска, Силвана Бонева, Момчило Аврамовски и Весна Дамчевска Илиевска.

**Пратеничката Роза Топузова Каревска** ја поздрави иницијативата да се гледа Предлог-буџетот за 2015 година од страна на Комисијата за култура, што треба да продолжи како добра пракса. Изрази задоволство што оваа година има благо зголемување на средствата предвидени за културата. Кај музичката и сценско-уметничката дејност смета дека се издвоени доволно средства. Постави прашање до Министерот за култура колку средства се планираат да бидат одвоени за реконструкција и санација на манастирот Трескавец. Пратеничката Топузова Каревска изрази задоволство што оваа година по опожарувањето на манастирот Трескавец се изведени системски археолошки истражувања на манастирскиот комплекс со што се постигнати врвни резултати. Нагласи дека манастирот Трескавец би бил одлична туристичка дестинација, особено сега кога патот кон манастирот е завршен. Пратеничката Топузова Каревска смета дека малку се средствата кои се предвидени за публикациите, затоа што се прават истражувања, но потребно е тие сознанија да се публикуваат. Смета дека сумата од 25 милиони денари за археолошки истражувања е мала, затоа што овие проекти се одвиваат бавно и чинат многу, и од таа причина смета дека е потребно да се издвојат повеќе средства. Изрази задоволство што ќе се заврши со изградбата на Македонска филхармонија, како и поради започнувањето со реконструкцијата на Струмичкиот театар каде на достоинствен начин би се одржувала манифестацијата Денови на Ристо Шишков. Изрази надеж дека ќе се одвојат повеќе средства за ликовните колонии со цел некоја од нив да не згасне, затоа што со нив се промовира македонската култура. Смета дека издвоените средства за Културните центри во странство е мала, затоа што тие ја промовираат македонската култура и функционираат како наши културни аташеа. Смета дека средствата предвидени за поддршка на младите таленти се малку. Пратеничката Топузова Каревска изрази жалење што изградбата на патот до манастирот Зрзе е пролонгирана за наредната година.

**Министерката Канческа Милевска** даде објаснување на прашањата кои ги покрена пратеничката Топузова Каревска. Во врска со манастирскиот комплекс Трескавец, информираше дека интензивно се работи на реконструкцијата на целиот конак и трпезаријата, а проектот ги опфаќа камбанаријата и фрескоживописот во црквата. Патот до манастирот Зрзе предвидено е да биде завршен до мај 2015 година. Во врска со средствата одвоени за публикации, Канческа Милеска информираше дека средствата предвидени во таа ставка ќе бидат наменети за печатење на промотивен

материјал за голем број локалитети во државата, додека за истражувачките публикации предвидено е да се финансираат од средствата во делот на издаваштвото. Во врска со средствата предвидени за Културните центри во странство, Канческа Милевска информираше дека тие се однесуваат на годишните ќирии, додека финансирањето на проектите оди преку меѓународна соработка или преку индивидуални проекти. За ликовната дејност средствата во Буџетот се зголемени речиси двојно повеќе во споредба со претходната година. Средствата предвидени за поддршка на младите таленти се еднократни стипендии чиј износ останува ист секоја година.

**Пратеникот Реџаил Исмаили** ја поздрави иницијативата на претседателот на Комисијата за култура да се разгледува Буџетот на оваа Комисија, бидејќи културата во нашето мултиетничко општество игра значајна улога. Пратеникот Исмаили се интересираше околу изградбата на Домот на културата во Поградец кој бил дел од програмата на Владата. Судските процеси околу тој објект се завршени и би требало да се продолжи со изградбата. Исто така, пратеникот Исмаили го покрена прашањето околу изградбата на Дом на култура во Матејче. Пратеникот Исмаили информираше дека општина Липково има добиено средства од Европската унија, како и од прекуграничната соработка со друга општина од Бугарија за остварување на овие проекти. Пратеникот Исмаили најави дека ќе поднесе амандмани за издвојување средства за реализација на овие проекти.

**Пратеничката Магдалена Манаскова** изрази задоволство што Буџетот за 2015 година во делот за културата е зголемен, а особено во делот на средствата за Управата за заштита на културното наследство. Конзервацијата и заштитата на археолошкиот локалитет Виничко кале е дел од програмата на Владата на Република Македонија, при што изрази загриженост што Националниот конзерваторски центар има добиено средства за изработка на конзерваторски основи кои се основа за да почне реализацијата конзервацијата и заштитата на Виничкото кале, но овие средства останале неискористени и по завршувањето на тековната година се повлечени. Пратеничката Манаскова нагласи дека општина Виница многу вложува во археолошкиот локалитет Виничко кале, има добиено грант од 150 илјади евра за инфраструктурно уредување на овој локалитет, но изостанува најважниот дел, а тоа е конзервацијата и заштитата на самите објеки, кое е во надлежност на Националниот конзерваторски центар. Изрази надеж дека во иднина средствата кои Министерството за култура ги има одвоено ќе бидат искористени соодветно.

**Пратеникот Мирван Џемаиљи** во својата дискусија се осврна на некои од капиталните проекти на Министерството за култура како што се изградбата на театарот и библиотеката во Тетово и целосната реконструкција на Албанскиот театар во Скопје. Во Буџетот за 2015 година предвидени се средства и за Музејот на Албанската азбука во Битола. Пратеникот Џемаиљи истакна дека на граѓаните треба да им биде објаснето дека овие проекти се остваруваат во неколку фази и во подолг период. Конкретно, проектот за театарот и библиотеката во Тетово ќе заврши во 2017 година, што значи остварувањето на проектите трае подолго време.

**Пратеничката Сузана Секуловска** изрази задоволство што Министерството за култура продолжува да обезбедува средства за сите дејности во областа на културата. Пратеничката Секуловска особено го поздрави фактот што Министерството за култура континуирано одвојува средства за локалните установи и таа сума од 2009 година до денес се зголемува. Отворен е конкурс при што сите институции од областа на културата можат да аплицираат со свои проекти и имаат можност да добијат финансиски средства. Министерството за култура не ги запоставува ваквите локални институции, туку активно соработува со нив. Пратеничката Секуловска изрази задоволство што со Буџетот за 2015 година предвидени се средства за опремување на Домовите за култура со соодветна опрема, како и за кинотечната дејност. Исто така изрази задоволство што се издвоени средства за надоместоци и пензии за уметници кои целиот живот го посветиле на уметноста и културата.

**Претседателката на Комисијата за култура Силвана Бонева** постави прашање до претставниците од Министерството за култура во врска со реконструкцијата и изградбата на Стариот театар во Струмица, кој беше опожарен и е од непроценливо значење за македонската култура. Во моментов има одреден застој во целиот процес иако се одделени средства за проектот. Пратеничката Бонева постави прашање што е тоа што се предвидува да се направи со тие средства до крајот на 2015 година, за да може да им се даде одговор на граѓаните.

Објаснување на прашањето даде **Владимир Поповски, претставник од Министерството за култура,** кој информираше дека проектот е започнат, но при изведувањето на градежните работи на сценската кула и ѕидовите на гледалиштето се утврдило дека тие не можат да се конзервираат и да се зачуваат во таа форма, бидејќи објектот бил опожарен. Направена е анализа од страна на стручниот надзор за постоечката состојба заедно со Институтот за земјотресно инжинерство, при што е констатирано дека статички и сеизмички не е можно да се зачуваат овие ѕидови и било утврдено дека тие мора да бидат срушени и повторно автентично изградени. Останува уште да се добие одобрение од страна на Управата за заштита на културно наследство и од Министерство за транспорт и врски да ги одобрат овие измени и веднаш после тоа интензивно ќе се продолжи со изградбата на објектот.

**Пратеникот Момчило Аврамоски** изрази задоволство што во време на светска криза Министерството за култура одвојува значајни средства за културата во Република Македонија, при што истакна дека за 4,7% се зголемени средствата наменети за капиталните објекти. Пратеникот Аврамоски наброја неколку проекти на Министерството за култура кои смета дека се значајни за Струга, градот од којшто доаѓа, а тоа се: реставрација на иконописот на црквата Св. Ѓоргија во Струга, археолошки ископини на базиликата во село Радолишта и на стар град во село Враништа, реконструкција на Паркот на поезијата во Струга, опремување на Домот на културата во Струга, а како најзначаен го истакна проектот Град на вода во Струга кое е единствено наколно живеалиште во државата, кое треба да се реставрира.

**Пратеничката Весна Дамчевска Илиевска** во својата дискусија истакна дека Буџетот за 2015 година во областа на културата ги покрива сите културни дејности, а посебно изрази задоволство што е предвидено вложување во малите места преку активности како што се Топол културен бран и Град на културата, со што се помагаат културните манифестации и се поттикнува развојот на културата во сите општини. Пратеничката Дамчевска Илиевска посебно нагласи дека има вложувања и во опшина Бутел, од каде што доаѓа, каде се предвидени реконструкција на манастирските конаци во Љубанци и реконструкција на Аквадуктот кој е од големо значење. Исто така, смета дека е значајно тоа што Министерството за култура вложува во насока на мултикултурализмот и се грижи за сите заедници во Република Македонија, со што се дава придонес на меѓуетничката интеграција на земјата.

На крајот од дискусијата по однос на Предлог-буџетот на Република Македонија за 2015 година во областа на културата Комисијата за култура едногласно го усвои следниот заклучок:

**Комисијата за култура го разгледа и го проследи Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2015 година на натамошна постапка во Собранието на Република Македонија.**

Извештајот од оваа седница да се достави до Комисија за финансирање и буџет како матично работно тело.

Претседател на
Комисијата за култура,
Силвана Бонева